| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Разговор за шумските животни |
| **Содржина на денот** | Шумски животни |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Емилија Каровска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема за личната хигиена како придобивка за нашето здравје . |
| **Активности** | Запознавање именување и опишување на шумски животни.<br>На детето да му се прочита текстот „Животните од сликовницата“ ( во прилог). Преку неа детето да се запознае со повеќе шумски животни. Преку сликите( кои се исто така во прилог )со детето внимателно разгледувајте ги животните, именувајте ги и опишувајте ги.<br>Како предлог, доколку имаат играчки шумски животни (или може нацртани на лист хартија или испринтани од интернет) може да се направи макета на шума. Може да се собере од блискиот парк мов, кора од дрво , шишарки ,гранчиња од зимзелени дрвја и други природни материјали кои би можеле да користат за изработка на поуспешна макета.<br>Во позадина може да се пушти песната „Зајче ,без опавче“ -Златно славејче 2012 година.<br>Предлог- посета на Зоолошката градината и разгледување на шумските животни во живо и водење разговор со што се хранат,како изгледаат , какви звуци испуштаат и сл. |